РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-2548/3
17-09-2020 г./v.

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познати подносители, физички лица, на 38-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 15 Септември 2020 година донесе

**О д л у к а**

Постапката покрената по пријавата бр. 12-3548/1 од 15.07.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познати подносители, ---------------------------, а со која се изразуваат сомневања за злоупотреби на службената положба од службени лица – ---------------------------- кои постапувале во предмети и постапки поврзани со правното лице --------------------------- СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-3548 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-3548/1 од 15.07.2019 година .

Предметот со број 12 – 3548 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-3548 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-3548/1 од 15.07.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познати подносители – физички лица , ------------------------------ кои биле/се сопственици на ---------------- ------------------ ------------------------------------.

Пријавата, со прилог списи, за овој пријавен случај содржи наводи и сомневања за злоупотреби на службената положба и овластувањата од службени лица – -----------------------------. кои постапувале во предмети и постапки поврзани со правното лице -----------------------------------.

При постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителите, како е погоре наведено, а напоредно со тоа изврши и соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност на начин што, базирано на наводите од пријавата и заради целосно утврдување на фактичката состојба презема процесни дејствија – достава на барање за податоци, информации и документација од ---------------------------------- од каде беа побарани податоци и информации по однос на предметот и постапката кои пред ------------------------------------ -------------- односно за дејствијата, мерките и активностите кои се преземени, за донесената --------------------- --------------, за тоа дали на предметниот случај постапувало ----------------------------- и кои акти биле/ се донесени, како и дали по однос на истиот била/е донесена ----------------------, вклучително со барање за достава на копии од актите донесени ---------------------------------. Исто така, од ------------------------------------------ беа побарани и податоци и информации по однос на прашањето за тоа дали пред -------------------------------- биле водени или се водат постапки за --------------------------------- кои се поврзани со отстапување, од страна

на ----------------------------, на ---------------------------, -------------------------------------------------------------------, со ----------------------------- и други случаи поврзани со --------------------------, вклучително со информации за текот и за исходот од постапките, доколку истите имаат завршница.

Последователно, по достава на барањето, до Државната комисија за спречување на корупцијата беше/е доставен писмен одговор од ------------------------------------ од кој произлезе констатацијата дека на случаите кои се предмет на доставената пријава постапувал надлежниот орган – ---------------------------, а со истите биле/се запознати --------------------------------, како и дека по спроведената ----------------------------------- била/е донесена ----------------------.

Од сите прибавени и расположиви списи и документација за овој пријавен случај Државната комисија констатира дека на предметниот/те случај/и постапил друг надлежен орган во Република Северна Македонија чие дејствување може евентуално да биде предмет на оценка и на постапување на други надлежни органи во Република Северна Македонија, а не и на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 15 Септември 2020 година под бр. 12- 2546/3**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на ДКСК

Изработил: Х.М., Советник

Одобрил м-р Ш.С.

Доставено до :
- Архива
- Подносител